МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ПРАКТИЧНА НАСТАВА

III ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО - КОЖАРСКА СТРУКА

Техничар за обувки

Скопје, 2007 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ПРАКТИЧНА НАСТАВА

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: техничар за обувки
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичн за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Трета

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 216 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***практична настава*** ученикот стекнува вештини и знаења и се оспособува:

- да ја познава организацијата на работа во одделенијата за сечење и шиење на долни делови на обувките;
- да ги применува постапките за рачно и машинско сечење на долните делови на обувките;
- да го познава редоследот на операциите за машинска обработка на долните делови – табаници, меѓуѓонови, ѓонови, потпетици и други долни делови на обувките;
- да ги разликува машините за преднавлекување и навлекување на горните со долните делови на обувките;
- да составува горни со долни делови на обувките;
- рационално да ги користи на материјалите и да стекне чувство за одговорност;
- да ги чува и одржува средствата за работа;
- да применува заштитни средства на работното место;
- да одржува хигиена на работното место;
- да се вклучува во тимска работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по ***практична настава*** потребни се претходни знаења од наставните предмети: технологија на изработка на обувки, машини и апарати во индустријата за обувки, моделирање и практична настава од II година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематска целина	Број на часо-ви	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. СЕЧЕЊЕ И ОБРАБОТКА НА ДОЛНИ ДЕЛОВИ НА ОБУВКИ	**36**	***Ученикот:*** - да сече долни делови на обувки од различни материјали; - да ги користи начините за поставување на ножевите при сечење; - да ја познава организацијата при сечење на долни делови; - да сече одделни долни делови; - да ги применува операциите: обележување, површинско изедначување, брусење или рапавење по извршено сечење на долни делови од обувки.	- Презентирање на примероци од обувки за различни намени; - објаснување начините за поставување на ножевите за сечење на долни делови; - укажување на важноста на организацијата на работа при сечење на долни делови; - објаснување на операциите за обработка на долни делови.	Технологија на изработка на обувки Машини и апарати во индустријата за обувки Моделирање
2. ИЗРАБОТКА НА ТАБАНИЧНИ ПРОИЗВОДИ	**18**	- Да изработува табанични производи за затворени обувки со ниски и со високи потпетици; - да изработува табанични производи за отворени обувки-сандали; - да изработува табанични	- Презентирање на примероци од различни табанични производи; - објаснување на постапките за изработка на табанични производи за различни видови обувки.	Технологија на изработка на обувки Машини и апарати во индустријата за

		производи за обувки шиени во рамка; - да изработува табанични производи за други видови на обувки.		обувки Моделирање
3. ИЗРАБОТКА НА МЕЃУЃОНОВИ И ЃОНОВИ	**30**	- Да изработува отворени и пресвлечени меѓуѓонови и меѓуѓонови со канал; - да изработува ѓонови по класична и монтажна постапка; - да изработува ѓон со рамка (оквир) и ѓон со потпетица.	- Презентирање примероци од различни видови ѓонови и меѓуѓонови; - објаснување на постапките за изработка на различни видови ѓонови и меѓуѓонови.	Технологија на изработка на обувки Машини и апарати во индустријата за обувки Моделирање
4. ИЗРАБОТКА НА ПОТПЕТИЦИ И ДРУГИ ДОЛНИ ДЕЛОВИ	**24**	- Да изработува на едноделни и ѕидани потпетици; - да изработува и наместува лубови; - да изработува и наместува оквир (рамка) на ѓон.	- Објаснување на постапките за изработка на различни видови потпетици; - објаснување на постапките за изработка и наместување на лубови и оквир (рамка) на ѓон.	Технологија на изработка на обувки Машини и апарати во индустријата за обувки Моделирање
5. ПОДГОТОВКА ЗА ПРЕДНАВЛЕКУВАЊЕ И НАВЛЕКУВАЊЕ	**42**	- Да ги применува операциите до преднавлекување; - да ги применува операциите за: преднавлекување без навлекување на врв и преднавлекување со навлекување на врв; - да врши навлекување на	- Објаснување на редоследот на операциите до преднавлекување и навлекување.	Технологија на изработка на обувки Машини и апарати во индустријата за обувки Моделирање

		страни со: шајки и лепило; - да врши навлекување на пета; - да ги применува операциите на навлечен полупроизвод: пеглање на пета и врв, сушење, рапавење и добивање на полупроизвод.		
6. СОСТАВУВАЊЕ НА ГОРНИ СО ДОЛНИ ДЕЛОВИ	**24**	- Да составува горни со долни делови со: ковање, прошивање, бочно шиење, налепување; - да составува горни со долни делови со: бризгање, вулканизација; - да составува домашни обувки; - да поставува потпетица на полупроизвод.	- Презентирање на примероци од составени горни со долни делови; - објаснување на начините на составување на горни со долни делови.	Технологија на изработка на обувки Машини и апарати во индустријата за обувки Моделирање
7. ЗАВРШНА ФАЗА ФИНИШИРАЊЕ	**42**	- Да ги применува механичките операции за довршување на долни делови; - да обрезува ивици на ѓонови, ивици на потпетици и ѓонови со ножеви за обрезување; - да бруси ивици на потпетици и ѓонови; - да врши довршување на нагазната површина на ѓонови; - да врши довршување со боење и воштење на ивици на ѓонови и	- Демонстрирање на работата со алатот и средствата за финиширање; - презентација на изработени горни и долни делови од обувки; - објаснување на операциите од завршната фаза на обработката на долните и горните делови од обувките.	Технологија на изработка на обувки Машини и апарати во индустријата за обувки Моделирање

		потпетици; - да ги применува операциите за довршување на горните делови; - да избира апретури според нивните карактеристики.		

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по ***практичната настава*** наставникот применува современи наставни методи (стратегии) во зависност од наставната целина, односно наставната содржина, кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата. Овие наставни методи подразбираат примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи, во парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, дава упатства за реализација на практичната задача, опишува, споредува, ја следи работата на ученикот, го мотивира, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во дискутирање, самостојна изработка на предметите, прибележување, набљудување, споредување, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Практичната настава се реализира преку стручно-практични вежби во чевларска работилница во рамките на училиштето опремена со соодвените наставни средства и во погони од производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите по групи (паралелката се дели на две групи). Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за изработка на практичните задачи, повторување, утврдување и посета на производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки. Непосредната поврзаност помеѓу наставните програми по практична настава и стручно-теоретските предмети неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие наставни програми.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите од наставната програма по ***практична настава*** се применуваат различни видови наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната целина се користат: машини за обработка на горни делови од обувки (машина со обичен штеп, цик-цак машина, столбна машина, кантир машина, машина за паспулирање и машина со две игли); работни маси, комплетен прибор за работа, шеми, слики, модни списанија за обувки и други наставни средства и помагала.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: прирачник за практична настава, Интернет, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

Оценувањето на постигањата на ученикот се врши континуирано во текот на целата учебна година преку следење и оценување на изработените практични задачи. Оценувањето се врши според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по ***практична настава*** треба да ги поседува следниве индивидуални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по ***практична настава*** ја реализираат кадри со завршени студии по ***чевларство*** и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Практичната настава се реализира во работилница за производство на обувки во рамките на училиштето опремена според нормативот за простор и опрема за образовниот профил техничар за обувки и во производни капацитети на трговските друштва за производство на обувки.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2007 година

7.2. Состав на работната група:

1. Ратка Јаневска, раководител, советник во Центар за стручнообразование и обука - Скопје
2. Снежана Трајановиќ, наставник, СУ ,,Перо Наков" - Куманово
3. Загорка Богданска, наставник, СУ ,,Перо Наков" - Куманово
4. Влатко Стојановски, Стопанска комора на Македонија - Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01. 09. 2007 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава*** ја одобри министерот за образование и наука со решение со решение бр. 11- 4631/ 3 од 21.06.2007 година.